Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-259/8
24-12-2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-259 од 06.09.2021 година поднесена од [redacted] од Битола против Министерство за образование и наука, за сторена дискриминација во областа на образованието, при објавувањето на Конкурс за доделување на студентски стипендии за учебната 2021/2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.12.2021 го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образовен статус и повреда на правото за еднаков третман при користењето на студентски стипендии во повисок износ извршена од страна на Министерство за образование и наука при доделување на стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2021/2022 година.

## Образложение

На 06.09.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], студент од Битола на [redacted], корисник на стипендија од Министерството за образование и наука за студиската 2020/2021 според Договор за стипендија од Трета група за студенти од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и-или медицинските науки година против Министерството за образование и наука, за извршена дискриминација во област на образование при утврдување на износот на доделени стипендии за редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студентската 2021/2022, врз основа на образовен статус во смисла на правото за еднаков третман на студентите при користењето на студентски стипендии. Подносителката наведува дека објавениот Конкурс за ученички и студентски стипендии за 2021-2022 според неа е дискриминирачки, бидејќи таа како студент со просек 8,49 ќе продолжи да користи стипендија во износ од 3300 денари, а новите студенти со просек од 7,5 би користеле стипендија од 6050 денари.

Врз основа на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминацијата, Комисијата утврди дека тврдењето на подносителката е веројатно, со што товарот на докажување премина врз Министерството за образование и наука. За таа цел, КСЗД со допис бр. 0801-259/6 од 20.09.2021 испрати до МОН Барање за произнесување по наводите содржани во претставката, согласно член 24 став 7 од ЗСЗД.

На 04.10.2021 година, од МОН стигна Одговор по барањето за изјаснување, заведен во архивата под бр. 0801-259/7. Во дописот, тие известуваат дека согласно член 8 од Законот за студентски стандард, Владата на Република Северна Македонија, во согласност со развојните документи, за секоја академска година донесува Програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард, во која меѓу другото се определуваат и износите на стипендии за тековната година. На предлог на Министерството за образование и наука,

Владата донесе Програма за остварување на дејноста за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година каде се утврдени износите на стипендии кои ќе се доделат за академската 2021/2022 година.

Дополнително, МОН известува дека сметале дека треба да ѝ предложат на Владата изедначување на износите на стипендиите по категории, на 6050 денари, право кое би го остварувале кандидатите кои би се пријавиле на конкурсот за академската 2021/2022. Владата на Република Северна Македонија го прифатила предлогот и на 19.07.2021 година донела Програма за изменување на Програмата за остварување на дејноста за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард (Сл. Весник на РСМ бр.167/21) во која се изедначуваат износите на студентските стипендии по категории на 6050 денари и тоа:

- Прва група за редовни студенти од социјални категории запишани на додипломски студии од прв циклус, од дотогашниот износ на стипендијата од 3300 денари, истата се зголемува на 6050 денари;

- Втора група за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во следните области: техничко - технолошки науки, биотехнички науки, медицински науки и здравство и од научното подрачје на општествените и хуманистичките науки, од дотогашниот износ на стипендијата од 4400 денари, истата се зголемува на 6050 денари;

- Трета група за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на студиските програми од научните подрачја на: природно - математичките, техничко - технолошките, биотехничките и/или медицинските науки, од дотогашниот износ од 3300 денари, износот на стипендијата се зголемува на 6050 денари.

Новите, зголемени износи на стипендии, кои се воедначуваат на 6050 денари **се однесуваат за студенти кои за прв пат ќе аплицираат за стипендии во академската 2021/2022 година**, како што е наведено во Одговорот на претставката од Министерството за образование и наука.

Во врска со стипендистите кои веќе се корисници на стипендии, МОН во својот одговор упатува дека стипендистите веќе потпишале Договор со Министерството пред почетокот на стипендирањето. Во член 2 од Договорот за стипендија давателот на стипендија се обврзува да го исплаќа износот на стипендија додека трае наставниот период во академската година (9 месеци), се' додека корисникот ги исполнува условите од Договорот. Согласно овој член, стипендистите секоја наредна академска година доставуваат докази за исполнување на условите, без притоа да потпишуваат нов Договор. За продолжување на стипендиите нема потреба да аплицираат ниту на Конкурсот кој се објавува за секоја академска година од страна на МОН. За старите стипендисти да бидат корисници на стипендии со покачен износ, МОН укажува дека било потребно најпрво да го раскинат Договорот еднаш склучен со Министерството и повторно да конкурираат на новиот конкурс, иако со таквото конкурирање би се ставиле во ризик да ги изгубат старите стипендии, доколку не би добиле нов Договор со повисок износ на стипендија.

Министерството за образование во Одговорот на претставката наведува дека условите од конкурсот објавен за една академска година не може да бидат основ за договорни права и обврски за договор потпишан по конкурс за друга претходна академска година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, при разгледувањето на сите горенаведени документи и дописи утврди дека **условите за добивање на стипендиите не биле променети** во Конкурсот за 2021/2022 академска година во споредба со Конкурсот од претходната студиска госина 2020/2021, **а износот на стипендирање бил речиси двојно зголемен**, со што студентите стипендисти од претходните академски години се ставени во понеповолна положба во однос на новите стипендисти. Дополнително, КСЗД утврди и уште еден факт: на веб страницата на Владата https://vlada.mk/node/26106 од почетокот на септември стои објавата од страна на МОН, со следниот наслов: **Објавен конкурс за двојно зголемени ученички и студентски стипендии**, со линк каде заинтересираните кандидати би можеле да се запознат со условите и критериумите, за остварување на правото на користење на соодветна стипендија. Како дополнителна информација во објавата стои: **„МОН и Владата оваа година одлучија значително да ја променат политиката на стиендирање на ученици и студентим со цел да се излезе во пресрет на што повеќе млади, но и да добијат зголемени месечни износи со кои навистина ќе ја почувствуваат поддршката која државата им ја обезбедува во текот на образовниот процес... Исто така, зголемени се и месечните износи на поголем дел од студентските стипендии, некои од нив и за над 80%".**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, утврди дека на овој начин голем број студенти-корисници на некој вид стипендија како право остварено во претходните академски години, заради непокачувањето на износот на нивните стипендии, биле ставени во понеповолна положба во споредба со корисниците кои правото го оствариле во академската 2021-2022, заради значително повисокиот износ на стипендиите. Комисијата исто така процени дека целта што се постигнала со ваквото нелинеарно покачување на стипендиите не може да се смета за легитимна заради ограничениот опсег на уживатели на истото правото, односно не може да смета за соодветна и неопходна, затоа што претставува извор на дискриминаторски третман кон поголема група студенти врз основа на образовен статус во смисла на академска година кога го оствариле истото право под исти или слични услови.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка состојба и законската дефиниција за индиректна дискриминација од член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, која гласи: *„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни* ", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Министерството за образование и наука со предлогот до Владата за измена на Програмата за остварување и развој на дејноста студентски стандард за 2021 и со објавувањето на Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2021/2022 година, како навидум неутрален пропис, ги има ставено во понеповолна положба стипендистите од претходните години во однос на остварување на правото на повисок износ на стипендија. Со воведување на новите износи на стипендиите, се воведува

практика на нееднаков третман меѓу новите стипендисти и стипендистите кои веќе се корисници на стипендии од МОН, што е спротивно на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдена индиректна дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото на еднаков пристап до права и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за образование и наука да изготви и да достави до Владата на Република Северна Македонија предлог Програма за измени и дополнувања на Програмата за остварување на дејноста за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард со акциски план и соодветни буџетски финансиски импликации за изедначување на износот на стипендиите на корисниците на стипендија кои ова право го оствариле во претходните академски години со износот на стипендија доделен на студентите кои ова право го оствариле во тековната 2021/2022 академска година во износ од 6050 денари во рок од 60 дена од приемот на оваа Препорака и за тоа писмено да ја извести Комисијата.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Владата на Република Северна Македонија да го прифати предлогот на Министерството за образование и наука и во рок не подолг од шест месеци, да донесе измени во Програмата за остварување на дејноста за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, со кој ќе се изедначат износите на студентските кредити од првата, втората и третата категорија на износ од 6050 денари, без оглед во која академска година студентите го оствариле правото за користење на стипендии.

Комисијата смета дека на ваков начин би се отстранила повредата на правото не еднаквост при користење на стипендии на студенти кои правото на користење на студентски стипендии го оствариле во минатите академски години, под исти или слични услови барани во конкурсите.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
24.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- Министерство за труд и социјална политика
- Влада на Република Северна Македонија
- [redacted]